АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 14-08-2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5041 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар

3. **Период опфатен со надзорот:** 28 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 август 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 став 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и/или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 22 јуни 2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-852, 22.06.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитуван на 28 јули 2015 година, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>во целост не постапил по решението</u>**, односно не ја отстранил извршената повреда на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврска

дневно да емитува најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, бидејќи според програмскиот концепт кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на македонски, албански и турски јазик, од која половина треба да емитува во периодот од 7:00 до 19:00 част)

Во анализираниот ден, телевизискиот програмски сервис КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитуваше 6 часа 34 минути и 33 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, што е **28,51%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23 часа 3 минути и 56 секунди), односно за 2 часа 39 минути и 1 секунда помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (23:03:56), е 9 часа 13 минути и 34 секунди.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 36 минути и 47 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски, албански и турски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар, емитувал вкупно **2 часа 24 минути и 48 секунди**, што е за 2 часа 11 минути и 59 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар на 28 јули 2015 година, не емитуваше најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски, албански и турски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 22 јуни 2015 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ТРИ ДООЕЛ Дебар не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка